(Образец ПП.......)

**ДО**
**Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

- Согласно член 20 став 3 и член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја поднесувам следнава:

Предмет: **Ж А Л Б А**

**Подносител**: Здружение на граѓани за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС Скопје, со седиште на ул. „Вич" бр.28/36, 1000 Скопје, тел.: 071 356 354, e-mail: info@odnaszanas.com и законски застапник/полномошник на барателот на информацијата, Гордана Гоџо

(назив, име и презиме, адреса, тел., фах, е-маил на барателот на информацијата)

**Жалбена основа**: Ј.З.У Институт за јавно здравје како имател на информацијата, во законскиот рок од 20 дена, не му овозможил на барателот пристап до информацијата и не донел и не му доставил на барателот решение за целосно или делумно одбивање на пристапот (молчење на управата).

**Имател на информации**: Ј.З.У Институт за јавно здравје, ул. 50 та Дивизија бр.6, 1000 Скопје, Пошт.фах 577 Тел.: 3223-033, 3226-510; Факс:3223-354

На ден 1.7.2022 година, Здружението на граѓани за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС Скопје (во понатамошниот текст: Здружение или Барател на информации) достави Барање за пристап до информации од јавен каратер до Ј.З.У Институт за јавно здравје како имател на информации.

**Доказ**: Барање за пристап до информации од јавен карактер до Ј.З.У Институт за јавно здравје

Согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер донесено од Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата е должен да одговори на барањето за пристап до информации односно може да одговори позитивно на барањето, согласно одредбите од член 24 од Законот или може во целост или делумно да го одбие барањето, согласно член 25 од Законот за што донесува решение.

Сепак, имателот на информацијата постапувајќи спротивно на закон, на поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер до Здружението како барател на информации, **во законски утврдениот рок не достави никаков одговор односно решение (со кое е должен да одговори позитивно на барањето или да го одбие барањето во целост или делумно), ниту барање за продолжување на рокот поради што ја поднесуваме оваа жалба. Со вакво непостапување и непочитување на важечки законски одредби, Ј.З.У Институт за јавно здравје како една од најзначајните институции за јавното здравје на граѓаните, го примени институтот „молчење на управата" кој треба да се избегнува и истиот не смее да се злоупотребува во никој случај**, особено што овој имател на информации на својата веб страница навел и зашто е најдобар, па меѓу другото во овој дел дека е најдобар навел дека има традиција од 90 години постоење; Поседува квалитет;

Работи доверливо, достапен е во секое време за информации; Патоказ е за зачувување на јавното здравје и креирање на здравствените политики; Учествува во подигање на свеста кај граѓаните за здрав стил на живот; Изготвува и дистрибуира информации за чување на здравјето, проценка на ризик и превенција и надзор на болестите; Поседува лабораторија за хематолошки и биохемиски испитувања; Учествува во изготвување на Законски и Подзаконски акти во областа на превентивната медицина и зачувување на човековата средина; Поседува современи лабораториски капацитети за испитување и контрола на лекови и медицински помагала и др.

Врз основа на сето претходно наведено и приложените докази предлагаме Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да ја УВАЖИ жалбата и да му наложи на имателот на информации Ј.З.У Институт за јавно здравје да постапи согласно закон, односно да го задолжи имателот на информации да ги даде бараните информации.

(податоци за имателот на информацијата, причините поради кои барателот не ја добил информацијата, број на решение со кое имателот го одбил барањето, или доказ за пропуштен рок од имателот)

Прилог на жалбата:

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер до Ј.З.У Институт за јавно здравје

(Правна поука: Против решението на Агенцијата може да се поднесе тужба за поведување управен спор до надлежниот суд)

Во Скопје, 29.7.2022 година

ЗДРУЖЕНИЕ ОД НАС ЗА НАС СКОПЈЕ

(с.р. потпис на жалителот)